СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 42. седница**
**3.10.2018 година**
**Точка на дневен ред бр.3**

# ОДЛУКА

## со која Одлуката за избор на друштво за ревизија на „Стопанска банка“ а.д. Битола СО бр.02-8525/1/II-8 од 25.4.2018 година донесена на 41. Седница на годишното Собрание на акционери, одржана на ден 25.4.2018 година, се става вон сила

**Битола, октомври, 2018 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на „Стопанска банка“ а.д. Битола НО бр. 02-12149/1/I-2 од 13.6.2017 година, Собранието на „Стопанска банка“ а.д. Битола на седницата одржана на ден 3.10.2018 година донесе:

# ОДЛУКА

## со која Одлуката за избор на друштво за ревизија на „Стопанска банка“ а.д. Битола СО бр.02-8525/1/II-8 од 25.4.2018 година, донесена на 41. Седница на годишното Собрание на акционери, одржана на ден 25.4.2018 година, се става вон сила

### Член 1

Одлуката за избор на друштво за ревизија на „Стопанска банка“ а.д. Битола донесена на 41. седница на годишното Собрание на акционери одржана на 25.4.2018 година и заведена под СО бр.02-8525/1/II-8 од 25.4.2018 година **СЕ СТАВА ВОН СИЛА.**

### Член 2

Се овластува Управниот одбор на Банката да ги преземе потребните дејствија за операционализација на оваа Одлука.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр. 02-19026/1/III-3
Битола, 3.10.2018 година

Стопанска банка а.д. Битола
Собрание на акционери

претседавач

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Кон Одлуката со која Одлуката за избор на друштво за ревизија на „Стопанска банка“ а.д. Битола СО бр.02-8525/1/II-8 од 25.4.2018 година, донесена на 41. Седница на годишното Собрание на акционери, одржана на ден 25.4.2018 година се става вон сила**

Собранието на акционери на „Стопанска банка“ а.д. Битола на својата 41. Седница на годишното Собрание на акционери одржана на 25.4.2018 година донесе Одлука со која го определи Друштвото за ревизија „КПМГ Македонија ДОО Скопје“ како друштво за ревизија за период од три години и тоа 2018, 2019 и 2020 година.

По донесената Одлука, „Стопанска банка“ а.д. Битола со свој допис бр.05-9232/1 од 7.5.2018 година се обрати до избраното Друштво за ревизија за склучување договор за ревизија на финансиските извештаи на Банката.

На ден 17.7.2018 година, Друштвото за ревизија „КПМГ Македонија ДОО Скопје“ достави допис до „Стопанска банка“ а.д. Битола, со кој ја известува Банката дека не прифаќа да склучи договор за ревизија на финансиските извештаи, како резултат на промени во политиките за управување со ризици на регионално ниво, што не е поврзано со работењето на Банката.

Заради сето погоре наведено потребно е да се донесе Одлука за ставање вон сила на Одлуката за избор на друштво за ревизија на „Стопанска банка“ а.д. Битола СО бр.02-8525/1/II-8 од 25.4.2018 година, донесена на 41. Седница на годишното Собрание на акционери одржана на ден 25.4.2018 година.

СО бр.02-19026/1/II-3
Битола, 3.10.2018 година

Стопанска банка а.д. Битола
Собрание на акционери

претседавач